ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ВЕЛЕС

# СТАТУТ

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ ВЕЛЕС

ВЕЛЕС, 2017

Врз основа на член 18,23 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 година) и **член 17 став 18 и член 56 и 57 од Статутот,** како и препораките на СЗПМ, Собранието на Здружението на пензионери-Велес на седницата одржана на ден 01.02.2017 година донесе

# СТАТУТ

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ-ВЕЛЕС

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут на Здружението на пензионери-Велес (во понатамошниот текст Здружението) се утврдува:

- Името и седиштето на Здружението;
- Целите на Здружението;
- Дејностите со кои се остваруваат целите;
- Начин на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членување во Здружението
- Правата, обврските и одговорностите на членовите;
- Видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- Застапување по закон;
- Начин на стекнување и располагање со средствата;
- Начин на донесување финансиски и други извештаи;
- Начин на остварување на јавност и отчетност на работата;
- Начин на донесување, изменување и дополнување на Статутот;
- Начин на одлучување за статусни промени и престанок на Здружението
- Начин на донесување на планови и програми;
- Постапување со средствата и имотот во случај на престанок на Здружението;
- Знакот и симболот на Здружението;
- Внатрешни организациони форми-ограноци;
- Начинот на донесување на други акти;
- Судир на интереси;
- Начин на разрешување на спорни прашања и други прашања за работата на Здружението

## 2.ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 2**

**Името на Здружението е:** **Здружение на пензионери-Велес**

**Седиште на Здружението:** **Велес ул. „Алексо Демниевски“ бр. 29**

**Член 3**

Здружението на пензионери на Велес има својство на правно лице. Статусот на правно лице се стекнува со упис во Централниот регистер на Република Македонија.

Здружението не може да се трансформира во друг вид правно лице.

**Член 4**

Здружението има печат, штембил и амблем.

Печатот е во тркалезна форма со пречник од 26 мм, а во горниот дел полукружно е испишан текстот: Здружение на пензионери-Велес, а во средина, водоравно, е испишан зборот: Велес.

Штембилот е во форма на правоаголник со димензии 6:2,5 см, во чиј горен дел водорамно се испишани името и седиштето на Здружението, а во долниот дел е оставен простор за број и дата.

Амблемот претставува круг над кој се впишува текст: Здружение на пензионери-Велес. Во долниот дел под кругот стои 1957. Во средината на кругот има цртеж (фрагмент од саат-кулата-Велес).

**Член 5**

Здружението е **самостојно во организирањето и остварувањето** на своите цели, интереси и права утврдени со закон и со свој Статут.

## 3.ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 6**

Пензионерите од општина **Велес, Градско и Чашка** се здружуваат во Здружение заради: остварување и заштита на правата од пензиско и инвалидско осигурување, економските интереси, управување на културни, спортски и други

активности на пензионерите, **одмори и рекреација, бањско и климатско лекување,** следење на прописите од областа на пензиското и нвалидското осигурување, здравствена заштита и други прописи од кои произлегуваат остварување на правата на пензионерите, информирање, организирање на културни манифестации и активности од забавен живот, спортски активности, одмор и рекреација, здравствена заштита на пензионерите, организирање и **давање на помош на материјално загрозени пензионери,** соработка со други здруженија и фондации, учество во работата на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, со јавните информативни средства: печатот,

телевизијата, радиото, печатените и електронските медиуми и други кои се од интерес на пензионерите согласно со Уставот и законот.

## 4.ДЕЈНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

### Член 7

Заради остварување на целите од член 6 на овој статут, Здружението на пензионерите може да врши дејности, класифицирани според националната класификација на дејности.

## 5.ТЕРИТОРИЈАЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 8

Здружението на пензионери-Велес дејствува на територијата што ја покрива општина Велес и општините Градско и Чашка.

## 6.ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 9

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде секој граѓанин-корисник на пензија, државјанин на Република Македонија кој живее на подрачјето на општина Велес, Градско и Чашка и кој при поднесувањето на документи или најдоцна во рок од 6 месеци од стекнувањето право на пензија ќе потпише изјава за членување во Здружението.

Член на Здружението може да биде и брачен другар кој не е пензионер и други пензионери кои доброволно сакаат да пристапат во членството на Здружението, за што одобрение дава Извршниот одбор.

Член на Здружението може да биде и странски државјанин, корисник на пензија преку ФПИОМ, кој има живеалиште во република Македонија на подрачјето на Здружението.

Членството во Здружението започнува од месецот кога членот започнал да плаќа членарина.

Во случај на престанок на членството поради доброволно истапување, изјавата задолжително се враќа во Здружението.

Здружението за своите членови води регистер кој се ажурира најмалку еднаш годишно, а за членовите на органите води посебна евиденција.

Член на Здружението може доброволно да истапи од членство со поднесување на изјава или со престанување на плаќање на членарина.

### Член 10

Членовите на Здружението плаќаат членарина. Висината на членарината ја утврдува Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина при при СЗПМ која се одбива при секоја исплата на пензија преку Фондот за пензиско и инавалидско осигурување на Македонија.

Членот на Здружението кој сака да истапи од членството и да не плаќа членарина треба да поднесе изјава до Извршниот одбор на Собранието на Здружението.

Сопружниците на корисниците на пензија, кои не се пензионери,, членарина и средства за Солидарен фонд уредно плаќаат во благајната на Здружението.

Под неуредно плаќање се подразбира ако од неоправдани причини за членарината и за солидарниот фонд не е платено подолго од 6 месеци.

**Член 11**

- Членовите на Здружението имаат еднакви права и обврски.
- Членот на Здружението ги има следните права и обврски:
- Да избира и да биде избран во органите на Здружението и на нивните работни тела во постапка предвидена со закон и со овој статут.
- Редовно да плаќа членарина;
- Да учествува според своите можности во работата и во активностите на Здружението;
- Да поднесува иницијативи и да дава предлози за разгледување на одделни прашања од надлежност на Здружението и да учествува во одлучувањето за тие прашања;
- Да се залага и да придонесува за остварување на целите и задачите на Здружението;
- Да бара и да добива совети и правна помош во врска со остварувањето на правата од пензиско и инвалидско осигурување и здравствена заштита.

**Член 12**

Членствоот во Здружението престанува со:

- Истапување од членство во Здружението;
- Со престанок на плаќање на членарина;
- По сопствена желба и
- Со смрт.

## II. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 13**

Органи на Здружението се:

1. Собрание на Здружението;
2. Извршен одбор на Собранието;
3. Надзорен одбор на Здружението.

## 1.СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 14**

Собранието е највисок орган на Здружението.

**Член 15**

Собранието се состои од 25 члена, претставници на Собранието, избрани во ограноците при урбаните и месните заедници на Здружението.

Бројот на членови, претставници на Собранието и во Извршниот одбор со одлука го утврдува Собранието на Здружението.

Мандатот на членовите на Собранието трае 4 (четири) години.

Мандатот на членовите на Собранието може да биде и покус доколку се извршат предвемено распуштање на Собранието поради намален број на негови делегати, најмалку 40%. Или во спротивно се врши кооптирање, ако е помал процентот од 40%

Собранието врши верификација на мандатот на членовите на Собранието по предлог на Верификациската комисија.

**Член 16**

Собранието избира **претседавач** на Собранието од редот на членовите на Собранието и **претседател на Здруженеито кој истовремено е и претседател на Извршниот одбор** и со јавно гласање од листата на кандидати по предлог на Кандидацискната комисија, доколку не биде одлучено да се гласа тајно.

На предлог од најмалку 10 члена Собранието ќе одлучи гласањето да биде тајно или јавно.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

Собранието може да го разреши претседавачот на Собранието и претседателот на Здруженеито според постапка на нивниот избор по предлог на една третина од членовите на Собранието, од Надзорниот одбор или една третина од формите на внатрешно организирање (Ограноците на УЗ и МЗ).

**Член 17**

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

- Избира **претседавач на Собранието и претседател на Здружението кој истовремено е и претседател на Извршниот одбор**
- Донесува статут;
- Донесува програма за работа и други акти;
- Усвојува годишен извештај за работата и финансискиот извештај кои ги објавува на својата веб страна.
- Доставува финансов извештај до надлежните органи на Републиката и локалната самоуправа во случаи кога користи средства од Буџетот на Републиката и од Локалната самоуправа.

- Донесува финансов план на Здружението
- Донесува одлука за времено финансирање на Здружението;
- Усвојува завршна сметка;
- Усвојува годишен извештај за работата на Извршниот одбор на Здружението и го објавува на својата веб страна;
- Одлучува за промена на целта на Здружението;
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението и го утврдува бројот на претставниците во Собранието и Извршниот одбор.;
- Избира и разрешува членови на органите;
- Избира извршен одбор;
- Избира надзорен одбор;
- Избира комисија за статутарни и други правни прашања;
- Избира претставници во Собранието на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија (СЗПМ);
- **Одлучува за статутарни измени на Здружението; (член 17, став 18)**
- Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Собранието;
- одлучува за висината на износот, дел од членарината, за финансирање на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.
- Одлучува со соработка и збратимување со други здруженија на пензионери од Р. Македонија и надвор од неа.
- Одлучува за други прашања кои не се во надлежност на другите органи за Здружението;
- Одлучува по второстепена постапка по приговори на одлуките, решенијата и друго на Извршниот одбор;
- Донесува деловник за својата работа;
- Врши и други работи во согласност со закон , овој Статут и други акти на Здружението.

**Член 18**

Собранието работи и одлучува на седници;

- Собранието свикува седници најмалку еднаш годишно;
- Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи **претседавачот** на Собранието, **во согласност со претседателот на Здруженеито**.
- Поканата и материјалите за седница на Собранието се доставуваат најмалку 8 (осум) дена пред одржување на седницата;
- Вонредна седницата на Собранието се свикува со писмено образложено барање од Извршниот одбор, Надзорниот одбор или од најмалку една третина од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседавачот не свика седница на Собранието во рок од 14 дена од денот на поднесувањето на барањето, седницата ја свикува подносителот на барањето.

Начинот на свикување на седница на собранието, работата и донесувањето на одлуките се уредуваат со Деловник на работа на Собранието.

**Член 19**

Собранието може да донесува одлуки само ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Одлуките Собранието ги донесува со јавно гласање.

Собранието може да одлучи одделни одлуки да ги донесува со тајно гласање.

Одлуките се донесуваат на седници со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Секој член на Собранието има право на 1 глас.

Гласањето по правило е јавно со кревање на рака.

Статутот и одлуките за престанок на Здружението се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Доколку на седницата на Собранието нема доволно присутни за донесување на одлуки, Собранието може да одлучува со повик од претседавачот, а во негово отсуство или спреченост претседателот на Здружението, неприсутните членови да се изјаснат и да гласаат преку телефон или на друг електронски начин. Таквото гласање се запишува во записник и се нагласува какво гласање е спроведено.

Со Деловникот на Собранието може да се утврди посебно мнозинство на гласови за донесување на одлуки.

**Член 20**

Изборите за членови на Собранието ги распишува **претседавачот** на Собранието најдоцна **30 дена пред истекот** на мандатот на Собранието.

Изборите за **членови на Собранието** се одржуваат секоја четврта година.

Избори во формите на внатрешната организираност (во ограноците) се одржуваат секоја четврта година.

На **Конститутивната седница** на Собранието се донесува посебен Деловник за работа.

Конститутивната седница на Собранието ја свикува и со неа раководи претседавачот на Собранието, а во негово отсуство или спреченост до изборот на работно претседателство раководи најстариот член на Собранието.

**Член 21**

Членовите на Собранието ги имаат следните права и должности:

- Да учествуваат во работата на Собранието и да завземаат ставови по прашањето за кое се одлучува;

- Да ги запознаат пензионерите со формите на внатрешната организираност (ограноците) од каде произлегуваат претставниците за работа на Собранието, за донесување на ставови и одлуки на Собранието и неговите органи и тела.

**Член 22**

Избраниот член на Собранието се стекнува со права и должности со денот на верификација на мандатот.

**Член 23**

Мандатот на член на Собранието му престанува и пред истекот на времето за кое е избран во случаите: смрт, ако даде оставка, престане да биде член на Здружението или ако е отповикан.

За член на кој му престанал мандатот поради причините од став 1 од овој член, се распишуваат дополнителни избори во оние ограноци УЗ/МЗ во кои на тие членови им престанало членството во Здружението.

## 2.ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 24**

Собранието избира Извршен одбор на Собранието од **13** членови во кој број влегува и претседателот на Извршниот одбор **кој е и претседател на Здружението.**

Членовите на Извршниот одбор по предлог на Кандидациска комисија се избираат од делегираните членови на ограноците при УЗ и МЗ со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Претседателот на Извршниот одбор воедно е и претседател на Здружението.

На предлог на претседателот на Здружението Извршниот одбор си избира потпретседател кој ќе го заменува претседателот во негово отсуство.

Мандатот на Извршниот одбор трае четири години.

Членовите на Извршниот одбор имаат еднакви права и одговорности и се рамноправни во одлучувањето.

**Член 25**

Извршниот одбор може да го разреши претседателот на Одборот според постапката на неговиот избор по предлог од најмалку една третина од членовите на Извршниот одбор и Надзорниот одбор.

**Член 26**

Извршниот одбор именува секретар.

Секретарот на Извршниот одбор (на Здружението) се именува од редот на членовите на Здружен ието.

**Член 27**

Извршниот одбор се грижи за спроведување на Статутот, Програмата и другите акти на Здружението.

Собранието може, по предлог на Извршниот одбор, да го разреши членот на Извршниот одбор поради неспроведување на обврските и задачите во работата на Одборот.

Собранието може да го разреши целиот состав на Извршниот одбор и помошните комисии пред истекот на мандатот и да избере нови поради неспроведување на обврските и задачите или превземање на дејства спротивни на Статутот и на интересите на Здружението.

**Член 28**

Извршниот одбор работи и одлучува на седници.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор, а во негово отсуство или спреченост **потпретседателот на Извршниот одбор.**

Извршниот одбор може да работи и да одлучува полноважно, ако на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието, за што најмалку еднаш годишно за својата работа му поднесува извештај.

Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Со Деловникот на Извршниот одбор може да се утврди посебно мнозинство гласови од вкупниот број членови за одлучувањето на седницата.

На седницата на извршниот одбор, претседателот или врз основа на заклучок може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата и претседателите на фирмите на внатрешната организираност, одделни членови на Здружението и други претставници..

За учество на седниците на Извршниот одбор и на другите поканети учесници им следува надоместок на дневни трошоци, согласно одлуката за утврдување на висината на надоместоците.

На седницата на извршниот одбор се води записник што се усвојува на првата седница на Одборот.

Записникот го потпишуваат претседателот и секретарот на Извршниот одбор.

**Член 29**

Извршниот одбор на Здружението ги врши следните работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието
- Го утврдува нацртот и Предлогот на Статутот
- Ги утврдува како предлог програма за дејствување и други акти што треба да ги донесува Собранието.
- Ги спроведува одлуките, заклучоците и ставовите донесени од Собранието

- Управува со имотот и средствата на Здружението без право на оттуѓување
- Утврдува предлог финансиски план на приходи и расходи на Здружението во тековната година (завршна сметка) и го поднесува до Собранието на усвојување.
- Одлучува за користење на средствата на Здружението според намените утврдени со финансискиот план за тековната година и за нивното наменско користење и располагање.
- Донесува Деловник за работење на Извршниот одбор.
- Утврдува предлог деловник за работа на Собранието
- Утврдува предлог одлуки и заклучоци кои треба да ги донесе Собранието, согласно закон и овој Статут, избира и потпретседател на Извршниот одбор.
- Основа комисии, актив на жени и други помошни тела и го утврдува нивниот делокруг.
- Основа стручна служба заради реализација, извршувње на целите и задачите на Здружението.
- Со одлука ја определува висината на надоместокот на трошоците – награда за стручните лица (стручна служба) ангажирани за извршување на работите на органите и на Здружението и на другите стручни лица.
- Го утврдува надоместокот за учество на седници, надоместокот за патни и дневни трошоци во рамките на планираните средства.
- Констатира престанок на членство во Здружението по барање на член на Здружението.
- Донесува одлуки, решенија и заклучоци по разни барања доставени од пензионери и други субјекти.
- Ги следи прописите од пензиското и инвалидскоот осигурување, правото на порастот на пензиите согласно законот и согласно одлуките на владата.
- Ги следи прописите од областа на здравствената заштита, формирањето на позитивната листа на лекови и снабденоста со лекови.
- Врши информирање на членството за работата на Собранието, Извршниот одбор и на другите органи и тела кои ги формира Собранието и Извршниот одбор.
- Одлучува за доделување на дипломи, признанија, благодарници и друг вид награди на пензионери и други субјекти кои се истакнале во своето работење и кои придонеле за афирмација на Здружението.
- Врши и други работи определени со закон и Статут.

**Член 30**

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието

Извршниот одбор за својата работа поднесува извештај до Собранието најмалку еднаш годишно.

**Член 31**

**Претседателот** на Извршниот одбор на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:

- ги свикува и раководи со седниците на Извршниот одбор и го предлага дневниот ред;
- го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица;
- ги извршува Оодлуките и заклучоците на Собранието и на Извршниот одбор;
- води грижа за рационално користење на имотот, средствата и инвентарот на Здружението, врз основа на годишните планови и програми за дејствување, посебно за инвестиционите средства за тековно одржување и новоградби;
- склучува и потпишува договори во името на Здружението;
- распишува редовни и вонредни избори за избор на претставници за членови на Собранието;
- одговорен е за реализација на приходите и расходите утврдени со финансискиот план и истите ги следи во тековната година за нивна правилна реализација;
- може да ангажира членови на Здружението за извршување на одредени стручни работи за потребите на Здружението;
- подготвува материјали за седниците на Собранието и на Извршниот одбор во соработка со секретарот;
- врши и други работи за кои посебно е овластен со деловникот на Извршниот одбор како и работи што ќе му ги доверат Собранието и Извршниот одбор.
- **Во отсуство на Претседателот го заменува потпретседателот на Извршниот одбор кој се грижи за извршување на задачите, согласно член 24 од Статутот на ЗП.**

**Член 32**

Секретарот на Извршниот одбор на Здружението ги врши следните работи:

- оперативно и технички ги спроведува одлуките, ставовите и заклучоците на Извршниот одбор;
- го организира подготвувањето на материјалите за седница на Собранието и Извршниот одбор;
- ја организира и раководи со стручната служба и со други лица ангажирани за извршување на определени работи;
- ги води записниците на Собранбието и Извршниот одбор;
- врши и други стручни и административни работи во областа на правните прашања;

- ги подготвува актите кои ги донесуваат Сопбранието и Извршниот одбор,
- извршува и други работи од делокругот на неговата работа, во договор со претседателот на Извршниот одбор

**3.НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Член 33**

Надзорниот одбор е орган на Здружението кој од редот на членовите на Здружението го избира Собранието со мандат од 4 години на предлог на Кандидациона комисија.

Надзорниот одбор се состои од 3 члена кои не мора да бидат членови на Собранието и Извршниот одбор.

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

- ја следи примената на овој Статут, програмата за дејствување и се грижи за работењето и за имотот на организацијата, и на финансовиот план,
- врши увид во материјално финансиската документација и ја контролира правилната примена на прописите од сферата на материјално-финансискоот работење.
- Врши контрола на наменското користење на приходите и расходите со кои располага Здружението.
- По извршената контрола за утврдената состојба ги известува Извршниот одбор и Собранието на Здружението,
- Има право, заради запознавање со констатираните состојби во материјално-финансиското работење на Здружението од претседателот да побара свикување на вонредна седница.
- Врши увид во материјално финансиската документација и ја контролира правилната примена на прописите од материјално-финансиското работење.

Собранието може да ги разреши членовите на Надзорниот одбор по предлог од најмалку една третина од членовите на Собранието или од Извршниот одбор според постапка за нивниот избор.

**7.ПОМОШНИ ТЕЛА**

**Член 34**

Заради успешно делување и спроведување на целите и задачите на Здружението можат да се основаат постојани или повремени комисии, активи, секции и сл, помошни тела на органите на Здружението и на стручната служба од по 3 члена.

Се избира претседател и членови на помошното тело од редот на членовите на Здружението , а по потреба соодветни стручњаци кои не се членови на Здружението.

Одлука за основање на помошни тела донесува органот на Здружението во зависност од тоа од чиј делокруг се прашањаташто треба да се разгледуваат.

Со одлука од ставот 1 и 2 од овој член се определува делокругот на работата на помошното тело.

**Член 35**

Комисијата за статутарни и други правни прашања ја избира Собранието од редот на членовите на Здружението со мандат од 4 години. Таа предлага:

- Статут и други акти на Собранието и Извршниот одбор
- Ги следи прописите од областа на пензиското и здравственото осигурување и други прописи од кои права и обврски на Здружението и дава свое мислење на одредени акти на сојузите и други асоцијации со кои се здружува Здружението.

## 8. ОДГОВОРНОСТ ЗА ОБВРСКИТЕ

**Член 36**

Членовите на органите на Здружението лично и неограничено одговараат за нивните обврски кон Здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице предизвикуваат штета на своите доверители.

**Член 37**

Членовите на органите на Здружението и застапниците според Законот се одговорни солидарно за штетата на Здружението предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето. Барање на надоместок на штета поднесува органот определен со Статутот или највисокиот орган.

## 9. ЗАСТАПНИК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 38**

Здружението има едно или повеќе лица овластени за застапување на Здружението.

Законски застапник на Здружението е претседателот **на Здружението**, односно на Извршниот одбор кој што го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица со права и обврски утврдени со закон и со овој статут.

Во негово отсуство или спреченост го застапува **потпретседателот** на Извршниот одбор.

Застапникот на Здружението ги спроведува донесенеите одлуки на собранието, Извршниот одбор и заклучоците на комисиите, избрани од органите на Здружението.

Води грижа за рационално користење на имотот и средствата на здружението, инвестиционото одржување, техничко-тековно одржување на објектите и средствата со кои располага здружението.
Склучува договори во име на Здружението.
Се грижи за остварување на плановите , планираните приходи и расходи утврдени од Собранието на Здружението, воедно е одговорен за реализација на утврдениот и донесен финансов план на Здружението, на приходите и расходите за тековната година.
Врши и други работи предвидени со овој Статут и другите акти донесени од органите.

## 10.СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 39**

Здружението стекнува средства и имот од следните извори:

- Членарина
- Донации (подароци во пари, добра, имотни права)
- Доброволни прилози
- Камата на средствата
- Кирии и закупнини
- Приходи од инвестиции, заеми
- Дејности од кои се стекнува добивка
- Други приходи во согласност со Законот и овој Статут.

Здруженеито може да добие средства и од буџетот на Локалната самоуправа.

**Член 40**

Со имотот и средствата на Здружението управува и располага Извршниот одбор во согласност со законот и општите акти на Собранието. Средствата за финансирање на дејноста на Здружението се распоредуваат со финансов план кој мора да биде врамнотежен помеѓу приходите и расходите.

Распределба на средствата на Здружението се врши со финансовиот план на приходите и расходите што секоја година го донесува Собранието по предлог на Извршниот одбор. Средствата се користат за остварување на целите и задачите на Здружението и за извршување на неговите обврски.

Со одлука на Собранието, доколку има потреба за тоа, корекции на финансовиот план може да се врши во текот на годината.

Материјално-финансиското работење на Здружението се води и се истварува според законските прописи.

Наредбодател за извршување на финансовиот план на Здружението е претседателот **на Здружението, односно** на Извршниот одбор, а во случај на негово отсуство или спреченост, **потпретседателот на Извршниот одбор.**

Сметките ги потпишуваат овластените за застапување со поединечен потпис.

## 11. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

### Член 41

Основни форми на внатрешно организирање и делување на Здружението се ограноците.

Здружението со одлука на Собранието може да предвиди и други облици на внатрешно организирање.

Формите на внатрешно организирање имаат еднаков статус.

Бројот на формите на внатрешното организирање и условите со одлука ги утврдува Собариeто.

### Член 42

Огранок се оирганизира во урбаните и месните заедници за подрчјето на Општина Велес, Општина Градско и Општина Чашка, во повеќе урбани или месни заедници во зависност од бројот на пензионерите кои живеат во тоа подрачје.

Правото да избира и да биде избран во органите на Здружението членот на Здружението го остварува исклучително во формите на внатрешното организирање, во органите.

### Член 43

Ограноците имаат собир што го сочинуваат сите членови кои живеат на подрачјето за кое се основани.

Собирот на огранокот од редот на своите членови избира:

- Членови за Собранието на Здружението,
- Одбор на огранокот

Одборот го сочинуваат пет членови за време од четири години.

Одборот од својот состав избира претседател, секретар и тројца членови.

### Член 44

Собирот го свикува претседателот на одборот по своја иницијатива, по заклучок на одборот или по барање на најмалку 15 членови на огранокот.

Собир може да свика и Извршниот одбор на Собранието на Здружението.

Собирот може да се свика за разгледување на прашања од Статутот на Здружението кои се негови цели и задачи и за прашања во врска со работата на органите на Здруженеито и на членовите на Собранието избрани од Огранокот.

Собирот работи и одлучува полноважно ако на него присуствуваат најмалку 10% од вкупниот број членови на Огранокот.

Доколку и по истекот на половина час од закажаното време за почетокот со работата на собирот не бидат присутни 10% од вкупниот број членови на огранокот, огранокот ќе работи и ќе одлучува полноважно со присутните членови на Собирот.

**Член 45**

Одборот на Огранокот ги врши следните работи:

- Дава мислења, предлози и забелешки по материјалите што ќе ги разгледува Собранието и Извршниот одбор,
- Поднесува иницијатива и предлози за арзгледување и решавање на одделни прашања од интерес на Здруженеито и за сите членови.
- Се грижи за организирање и спроведување на културно забавниот живот, одморот, рекреацијата и спортските активности на членовите на огранокот.
- Организира посети на болни и изнемоштени пензионери.

## 12. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 46**

Работата на Здружението е јавна.
Јавноста на работата на Здружениетосе остварува преку можноста на седниците на неговите органи и тела да присуствуваат претставници на средствата за јавно информирање, прес конференции, или преку издавање соопштение за за јавноста преку средствата за јавно информирање, објавување на акти на огласна табла, во билтен на Здружението, веб страна и на сруги начини со кои се овозможува запознавање на членовите на Здружението за работата на неговите органи.

## 13.СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 47**

Здружението остварува соработка со други здруженија во Републиката и надвор од неа заради остварување на целите и програмите на Здружението од областа на културно забавниот и спортскиот живот, одмор, рекреација и други активности содржани во програмата за дејствување на Здружението.

**Член 48**

Заради унапредување на својата работа со усогласување на заедничките интереси во спроведување на целите и задачите и за остварување на други прашања од заеднички интерес, Здружението се здружува во Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија (СЗПМ) и учествува во финансирањето на дејностите.
Здружението може да се раздружи од Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија.
Одлука за раздружување донесува Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

## 14. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

**Член 49**

За вршење на стручно административо-техничките работи Извршниот одбор организира стручна служба која ги извршува материјално-финансиските, благајничките и канцелариските работи во согласност со позитивните прописи.

Стручната служба за материјално-финансиското работење подготвува периодични прегледи и завршна сметка за изминатата година в согласност со постојните прописи.

Стручната служба врши работи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесуваат органите и телата на Здруженеито и ја координира работата на помошните тела.

Подготвува предлози на акти, информации и други материјали по кои треба да расправаат органите и телата на Здружението. Води грижа за оддржување на објектите со кои управува Здружението. Врши и други работи.

За извршување на работите од делокругот на стручната служба по правило се ангажираат членови на Здружението.

## 15. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 50**

Материјално-финансиското работење  Здружениетосе води и остртварува според важечките прописи за материјално – финансиско работење за кое се води новодствеаевиденција.

Право на надомест за вршење на работа од интерес на Здужението имаат избранте, именованите и ангажираните лица.

Висината на надоместокот на избраните, именованите и ангажираните лица за работа во Здружението ја определува Извшниот одбор по предлог на претседателот.

**Член 51**

Носителите на должностите и членовите на органите во Здружението, како и други пензионери кои ќе бидат ангажирани на одделни задачи за потребите на Здружението имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци до износот што с еисплатува во органите на државмната управа.

Наредбодател за извршување на финансиско-материјалното работење на Здружението за исплата на средства е претседателот на Извршниот одбор на Здружението.

## 16. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 52**

Судир на интереси постои кога членот на Здружението вршејќи ги овластувањата и должности во врска со работењето на Здружението остварува правен интерес во имотот или права и погодности за остварување на лични интереси за себе или за член на семејството или друго лице.

**Член 53**

Во случај на појава на судир на интереси с еизвестуваат Надзорниот одбор, претседателот на Собранието и на Извршниот одбор како и надлежните органи.

## 17. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

**Член 54**

Во Здружението можат да се извршат статусни измени и тоа: присоединување кон други здруженија или присоединување на друго здружение кон ова здружение, спојување на здружението, поделба на здружението

Статусните промени се остваруваат со донесување на одлука од Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Статусните измени во Здружението ќе се извршат согласно Законот на здруженија и фондации.

## 18. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 55**

Здружението на пензионери престанува да постои ако е:

- Донесена одлука за престанок од страна на Собранието на Здружението,
- Поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а седница на Собранието не е одржана,
- Во две последователни години не е донесена завршна сметка на Здружението,
- Статусна измена која предвидува престанок на Здружението, Донесена одлука од надлежен суд,
- Стечај и спроведена ликвидација и
- Бројот на членовите на Здружението се намали под предвидениот број за основање на Здружението.
- Одлука за престанок на Здружението врз основа на став 1 алинеа 2, 3 и 7 од овој член донесува надлежниот суд на предлог на застапникот на Здружението.

## 19. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 56**

Статутот на Здружението се донесува и изменува според постапката утврдена со овој статут.

Комисијата за статутарни и други правни прашања на Здружението подготвува текст на нацрт на статутот и го доставува до Извршниот одбор.

Извршниот одбор го разгледува и го потврдува нацртот на статутот и го дава на јавна расправа во формите на внатрешното организирање на Здружението-ограноците во урбаните и месните заедници.

Јавната расправа по нацртот на Статутот трае најмалку 15 дена, рокот го утврдува Извршниот одбор.

**Член 57**

По истекот на рокот за јавна расправа Комиисјата за статутарни и други правни прашања, врз основа на добиените предлози, мислења и забелешки од ограноците подготвува извештај за резултатите од јавната расправа по нацрт статутот и предлог и статутот го доставува до Извршниот одбор.

Извршниот одбор врз основа на извештајот на комисијата утврдува предлог статут и го доставува до Собранието на Здружението.

Собранието го донесува Статутот на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

**Член 58**

Изменувањето и дополнувањето на Статутот на Здружението се врши според постапката на неговото донесување. Иницијатива за изменување и дополнување на статутот на Здружението можат да поднесат формите на внатрешното организирање на Здружението – ограноците или најмалку 50 члена на Здружението.

Постапката за изменување и дополнување на статутот може да започне и по предлог од Извршниот одбор или врз основа на заклучок на Собранието.

Комисијата за статутарни и други правни прашања ги разгледува иницијативите, предлозите и заклучоците од ставовите 1 и 2 од овој член, утврдува ставови и мислења по нив и поднесува извештај до Извршниот одбор.

По предлог на Извршниот одбор одлука кон пристапување на изменување или дополнување на статутот донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови.

**Член 59**

Толкувањето на одредбите на овој статут дава Собранието и Извршниот одбор врз основа на мислењето на Комисијата за статутарни и други правни прашања.

## 20. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 60**

Здружението на пензионери-Велес продолжува со работа како ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ-ВЕЛЕС.

Актите на Собранието и на Извршниот одбор на Здружението, донесени пред влегување во сила на овој статут ќе се усогласат во рок од 6 (шест) месеци од денот на неговото донесување.

Утврдениот број 25 претставници на Собранието во член 15 став 1, а на Извршниот одбор 13, од член 24 став 1 од овој статут ќе се применува од наредните избори, . од нарените избори (редовни или вонредни) дотогаш Собранието ќе брои 25, а Извршниот одбор 11.

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи статутот на Здружението на пензионери-Велес бр. 0202-12/9 од 14.02.2011 година

**Собрание на Здружение на пензионери**
**Претседател**
**Д-р Веле Алексоски**